**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6038/**

# З А П И С Н И К

**Од 171.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 07.12.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 171.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 170.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на четврти програмски сервис на МТВ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 170.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 170.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 170.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со констатираните забелешки.
Со дадените забелешки на записникот,по извршеното гласање се констатира дека записникот од 170.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на четврти програмски сервис на МТВ.**
По однос на оваа точкка беа ставени на разгледување пред присутните Финалната ранг листа на кандидати на интерниот оглас.
Од Директорот на МРТ беше доставено во врска со членот 37 став 2 и 3, Барање согласност за именување на одговорен уредник на Четврт програмски сервис во МТВ. Во согласност со Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП МРТ, констатирано беше дека се завршени сите административни процедури околу селекцијата на кандидатите.

Истовремено, одржана беше и Седница на Уредништвото на МРТ од којашто беше доставено Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на МТВ.

Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Ј Саркањац потсети дека минатиот пат за овој оглас имаше двајца кандидати кои имаа ист број на бодови, сега тоа не е случај бидејќи еден од кандидатите Еран Хасипи се издвојува како прв.

Снежана Клинчарова истакна дека од материјалите што ги добивме се гледа дека зад предлогот Еран Хасипи да биде уредник застанати се петнаесет имиња и презимиња на уредници, а под нивниот предлог е и потписот на Директорот на МРТ,како и од членовите на комисијата за избор.

По расправата Барањето согласност за одговорен уредник на Четврт програмски сервис на МТВ да биде именуван Еран Хасипи беше ставено на гласање.

■ **Барањето согласност за Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на МТВ** да биде именуван **Еран Хасипи** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **даде согласност** за именување на **Еран Хасипи** за Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на МТВ.

Врз основа на член 124 став 2 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги Службен весник на Република Македонија (бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република С.Македонија (бр. 42/20), и член 37 став 2 од Статутот на ЈРП МРТ, а врз основа на Мислењето на Уредништвото на МРТ и Предлогот на Директорот на МРТ со бр.03-5792/1 од 06.12.2021година, Програмскиот совет на МРТ на својата 171.седница одржана на ден 07.12.2021 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
за давање согласност за именување на Одговорен уредник на
Четврти програмски сервис на МТВ

**Член 1**

I. Програмскиот совет на МРТ дава согласност за именување на **Еран Хасипи** за Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на МТВ.

**Член 2**

II. Оваа одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**Член 3**

III. Примерок од оваа одлука да се достави до:

-Директор на МРТ;
-Сектор за правни работи и човечки ресурси;
-Сектор за финансиско работење;
-Одделение за човечки ресурси;
-Архивата на МРТ

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка беа разгледани неколку пристигнати дописи по пошта: Записник за одржан состанок на Комисијата за изработка на предлог документ за инплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржан на ден 16.11.2021 година, како и Одулка за избор на програмски содржини од Арена ченелс груп од Белград.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател